# Амбасадорот Тимоние кон претседателот на ЗНМ, Чадиковски: Вашето назначување ги вреднува високите професионални квалитети

19/12/2018




Амбасадорот на Франција во Република Македонија, Кристијан Тимоние упати честитки до новоизбраниот претседател на ЗНМ, Младен Чадиковски.

„Вашето назначување ги вреднува високите професионални квалитети што ги покажавте во текот на вашата долгогодишна кариера‟, напиша амбасадорот Тимоние во писмото кое го испрати до новоизбраниот претседател.

Понатаму во писмото се вели дека Тимоние посакува да ја продолжи соработката со Здружението на ист начин како што тоа беше случај во минатиот период.

„Особено го цениме Вашето здружение поради неговата независноста и ефикасност. Се надеваме дека одличните односи што ги имавме со вашиот претходник ќе продолжат во

истиот дух на доверба и транспарентност", пишува во писмото.

*Содржините, графичките и техничките решенија се заштитени со издавачки и авторски права (copyright). Крадењето на авторски текстови е казниво со закон. Дозволено е делумно превземање на авторски содржини (текст и фотографии) со ставање хиперлинк до содржината што се цитира.*